# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ И СТВАРНОПРАВНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.10 од 22.01.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 85/2008 и 148/11), во членот 137 после зборот „ствари" се додаваат зборовите: „со правен статус на недвижна ствар".

**Член 2**

Во членот 141 став (1) после зборот „воздухоплови" се додаваат зборовите: „ , освен за законските заложни права".

**Член 3**

Во членот 142 ставот (4) се менува и гласи:
„Законското заложно право настанува на начин утврден согласно овој или друг пропис за законско заложно право и се впишува во Регистарот на воздухоплови само кога тоа е утврдено со закон."

**Член 4**

Во членот 162 став (1) пред точката 1) се додава нова точка 1) која гласи:
„1) даноци и споредни даночни давачки;"
Точката 1) станува точка 2).
Во точката 2) која станува точка 3) сврзникот „и" се заменува со точка запирка.
Во точката 3) која станува точка 4) точката се заменува со сврзникот „и".
По точката 4) се додава нова точка 5) која гласи:
„5) други случаи определени со закон."

**Член 5**

Во членот 164 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ , освен ако со друг закон не е поинаку определено.".

**Член 6**

Во членот 165 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ , освен ако со друг закон не е нешто друго определено.".

**Член 7**

Во членот 167 став (1) точката 2) се брише.
Во точката 3) која станува точка 2) по зборовите: „воздухопловот во" се додава зборот „ даночна,".
Во точката 4) која станува точка 3) во алинејата 2 зборовите: "во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот за впишување на преносот, но пред истекот на рокот од три месеца од денот на настанувањето на побарувањето," се бришат.
Точката се заменува со сврзникот „и".
По точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:
„4) во други случаи определени со посебен закон."
Ставот (2) се брише.

**Член 8**

Насловот на членот 168 и членот 168 како и насловот на членот 169 и членот 169 се бришат.

**Член 9**

Во членот 173 став (1) точка 1) по зборовите: „противпожарни воздухоплови" се додаваат зборовите: „на органите на државната управа ".

**Член 10**

Во членот 177 став (1) зборовите: „на судски одлуки (извршител)" се брише.
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Присилната наплата на даноци и споредни даночни давачки врз воздухоплов се спроведува според одредбите на Законот за даночна постапка."
Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

**Член 11**

Во членот 189 став (1), по точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:
"2) вклучување на сите применливи услуги што се понудени или објавени во каков било облик, вклучително и на интернет, во цените и таксите на воздухопловните услуги што се достапни за јавноста од аеродром што се наоѓа на територијата на Република Македонија, како и пристап до цените и тарифите на воздухопловните услуги без било каква дискриминација, на начин предвиден со одредбите на Регулативата 1008/2008;".
Точките 2) и 3) стануваат точки 3) и 4).

**Член 12**

Во членот 190 став (1), по точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:
"2) превозник, а не обезбедило вклучување на сите применливи услуги што се понудени или објавени во каков било облик, вклучително и на интернет, во цените и таксите на воздухопловните услуги што се достапни за јавноста од аеродром што се наоѓа на територијата на Република Македонија, како и пристап до цените и тарифите на воздухопловните услуги без било каква дискриминација, на начин предвиден со одредбите на Регулативата 1008/2008;".
Точките 2) и 3) стануваат точки 3) и 4).
Став (2) се менува и гласи:
„За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице."

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".